РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Бр. 04-687/9
14.07.2023 год.
Валандово

Општина Валандово
Република Северна Македонија

Врз основа на чл.52 ст.1 од Закон за административни службеници („Службен весник на РМ" бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на РСМ" бр. 275/19, 14/20, 215/21 и 99/22), Градоначалникот на Општина Валандово, донесе:

# О Д Л У К А
## за избор по интерен оглас бр.02/2023 за унапредување на административен службеник во администрацијата на Општина Валандово

1. По интерениот оглас бр.02/2023 за унапредување на административен службеник во администрацијата на Општина Валандово, за работното место УПР 01 01 В02 000 – Виш соработник – геодет во Одделението за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и локален економски развој, **СЕ ИЗБИРА** кандидатот Анита Трајкова.
2. Решение за унапредување на избраниот кандидат, ќе се донесе по конечноста на оваа Одлука.
3. Оваа Одлука ќе се достави до избраниот кандидат и ќе се објави на интернет страницата на Општина Валандово.

## О б р а з л о ж е н и е

Врз основа на објавениот интерен оглас бр.02/2023, за унапредување на административни службеници во администрацијата на Општина Валандово, објавен на ден 30.06.2023 година на интернет страниците на Општина Валандово и на Агенцијата за администрација, за работното место УПР 01 01 В02 000 - Виш соработник – геодет во Одделението за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и локален економски развој, Комисијата за селекција за унапредување, формирана од страна на Градоначалникот на Општина Валандово со Решение број 04-687/6 од 07.07.2023 година, спроведе постапка за административна селекција, за што состави записник бр.04-687/7 од 13.07.2023 година и интервју со утврдениот кандидат, за што е составен записник бр.04-687/8 од 13.07.2023 година.

Врз основа на освоените бодови од административната селекција и освоените бодови од интервјуто, Комисијата за селекција за унапредување изготви Финална ранг листа на интервјуираните кандидати и предлог одлука за избор.

Имајќи ја во предвид приложената Финална ранг листа и дадениот предлог на кандидат за унапредување, Градоначалникот на Општина Валандово, врз основа на член 52 ст.1 од Закон за административни службеници, одлучи како во диспозитивот на Одлуката.

**Правна поука:** Против Одлуката може да се поднесе жалба до Агенцијата за Администрација во рок од осум дена од денот на објавување на одлуката на интернет страницата на Општина Валандово.

**Доставено до:**
- Архива
- Кандидатот

Градоначалник
на Општина Валандово
Перо Костадинов

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА ВАЛАНДОВО

Изработил: С. Димитров
Контролирал: З.Пеева
Одобрил: С.Христова Јовановиќ